Соопштение до средствата за јавно информирање

# КАРТЕЛ ВО ФАРМАЦЕВТСКИОТ БИЗНИС

Вишиот управен суд со пресуда (УПРЖ бр.63/2024) го потврди решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата со кое Комисијата утврди дека две големи веледрогерии АД Д-р Пановски и Фарма Трејд ДООЕЛ Скопје склучиле забранет договор – КАРТЕЛ при учество во постапка за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал. Се работи за јавна набавка која во 2016 година е распишана од страна на Министерството за здравство на Република Македонија при што двете веледрогерии спротивно на Законот за заштита на конкуренцијата склучиле забранет договор-картел со кој свесно и со намера да се стекат со противправна имотна корист на штета на државата го замениле принципот на слободна конкуренција на пазарот со забрането договарање на продажните цени на лековите.

Комисијата за заштита на конкуренцијата при откривање и документирање на овој картел го имала во предвид домашното законодавство, но и судската пракса на Европската унија.

За учество во предметниот картел Комисијата со решението изрече прекршочни санкции глоба и тоа на АД Д-р Пановски во износ од 1.061.000 евра и на Фарма Трејд ДООЕЛ 721.000 евра.

Висината на наведената глоба е во корелација со штетата која е нанесена на буџетот на државата.

Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата е потврдено од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд и истото е правосилно и извршно и претпријатијата треба да ја платат глобата во законски утврдениот рок.

Комисијата за заштита на конкуренцијата за откриениот картел ќе поднесе соодветно известување до Управата за финансиска полиција и Јавното обвинителство заради натамошно постапување од нивна страна во соодветна кривична постапка.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**